СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852


Бр. 03-167/1
14.02.2019 година, Скопје

**Од:**
Претседател на Суд на честа на СКМ
Д-р Катерина Стаменковска
**До:**
Д-р Дафина Богеска, делегат во Собрание на СКМ и претседател на РО Прилеп

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Како претседател на Судот на честа на Стоматолошката Комора на Македонија, имам информација, по што и направив увид во јавната објава на социјална мрежа од ден 12.02.2019 година лично од д-р Дафина Богеска, која во еден дел од објавата тврди дека, почнале да се исклучуваат делегати спротивно на Деловникот и Статутот без почитување на процедури.

Судот на честа во месец Јануари/Февруари 2019 година спроведе постапки против делегати кои неоправдано отсуствувале на собраниските седници повеќе од два пати, и делегат кој не почитувал одлуки на органите на Комората со што прекршил и внатрешни акти и истите ги спроведе со почитување на процедурите во согласност и со Статутот на Комората, а особено со Деловникот за работа на Судот на честа, и Етичкиот кодекс и нормално секоја одлука е носена едногласно врз база на релевантни докази и ниту една од нив не е спротивна на било кој акт.

Со јавната објава на докторката, се навредува Судот на честа како еден од најважните органи на Комората, се навредуваат сите негови членови, особено што за такви тврдења д-р Дафина Богеска е должна да приложи докази и тоа подеднакво цврсти какви што беа и доказите во самите постапки пред Судот на честа.

Во спротивно, очекувам извинување до Судот на честа и тоа јавно и во писмена форма во рок од 7 дена од приемот на ова Известување токму од д-р Дафина Богеска, и истото да се архивира во Комората, и објави на истата социјалната мрежа, а во иднина да не се повторуваат во јавноста лаички критики недостојни за носител – доктор по стоматологија.

**Скопје, 14.02.2019 година**

**Претседател на Суд на честа на СКМ**
**Д-р Катерина Стаменковска**